| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| **Назив на планскиот документ** | **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци** |
| **Орган надлежен за изработка на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски на РСМ |
| **Орган надлежен за донесување на планскиот документ** | Министерство за транспорт и врски на РСМ |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| **Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ** | ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ “МАКЕДОНИЈА” А.Д. - Скопје<br>Славица Чавдаровска Наумова, дипл.инж.арх<br>(овластување бр. 0.0469) |
| **Назив на работното место** | Планер |
| **Контакт податоци за лицето** | ул. Дрезденска бр. 52, 1000 Скопје<br>тел. 02/3066-836 |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| **Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)** |
| Предмет на овој проект, е утврдување на најповолната микролокација, техничко, економско, сообраќајно и просторно решение на трасата а во согласност со конкретните подлоги дефинирани посебно за проектот.<br>**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци** е изработен врз основа на одобрена Проектна програма согласно Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. бр. 32/20, 111/23) и потврда за нејзино одобрување со арх.број 21-3941/5 од 18.08.2023 год.<br>За делот кој е надвор од границите на одобрена планска документација, издадени се **Услови за планирање на просторот ( технички број Y31923)** од страна на Агенција за планирање на просторот и **Решение за услови за планирање на просторот** ( арх.бр. УП1-15 1624/2023 од 24.07.2023 год.)<br>**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план** е изработен согласно член **58 став (6)** од Законот за урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр: 32/2020, 111/23), по претходно обезбедени **Услови за планирање** со технички број Y 31923 од Јули 2023 год. со решение и мислења од државните органи, институции и правни лица со јавни овластувања од членот 47 на истиот закон, врз ажурирана геодетска подлога.<br>Урбанистичкиот план е изработен согласно Законот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20,219/21, 104/22, 99/23).<br>**Содржината** на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е изработен согласно со **членот 59** од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.М, бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23). |
| **Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?** |
| Да X<br>Не ☐ |
| **Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?** |
| / |
| **Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.** |
| ДА:<br>- Транспорт: краткорочни, среднорочни и долгорочни плански документи кои се однесуваат на дефинирање на развојот и унапредувањето на патниот, железничкиот, водениот и авио транспортот |
| **Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да √<br>Не | Член: 3 | Точка: 7 | Алинеја: 1 |

| |
|---|
| **Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз** |

**основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.**

Да, Прилог II – Проекти за кои утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина (Генерално определени проекти), точка 10. Инфраструктурни проекти, (f) Проекти за изградба на системи за пренос на вода што не се вклучени во Прилог I, канализациони системи и системи за заштита од поплави.

**Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.**

Не

**Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.**

Хидро Системот Бошава се состои од тиролски зафат на река Бошава, од каде со довдедува до водата до сливот на река Луда Мара. Зафатената вода енергетски се искористува низ 5 Мали хидроцентрали кои се каскадно поставени.

МХЕЦ реф бр 3. е трета скала во низата на хидроелектрани за енергетско искористување на водите од системот за наводнување "ХМС Бошава". Со изградба на Мали хидроцентрали ќе се зголеми искористеноста на хидролошкиот потенцијал на сливот, а воедно ќе се зголеми степенот на искористеност на Хидросистемот притоа подобрувајќи ги техничко-економските елементи.

МХЕЦ реф бр 3. е проточна хидроелектана од деривационен тип, со деривација под притисок, која ги користи водите од езерото Градот во кое освен од локалниот слив се доведени и зафатените води од р. Бошава. Инсталиран проток на МХЕЦ-3 изнесува $Q_{инст}= 2.8m^3/s$. Деривијацијата на МХЕЦ-3 е под притисок и користи пад од кота од кота 545 до кота 465мнв.

Водата се зафаќа од езерото а потоа со цевковод под притисок DN 1300 со должина L=998м се доведува до хидроцентралата со две Францисови турбини. Енергетски искористената вода од оводната вада директно ќе се зафаќа и ќе се води до следна хидроцентрала.

Како резултат на геолошко-морфолошките одлики на теренот се настанати значителни материјални оштетувања на постоечкиот цевковод што довело до прекин на експлоатација на објектот и производство на електрична енергија. Оваа локација е издвоена како зона на интезивна ерозија во чии рамки се евидентирани дополнителни деформации на теренот како што се слегнувања и локални свлкеувања на почвените материјали, тензиони пукнатини, извори на подземна вода, провлажнувања во форма на пиштевини, ерозиони стрии и сл. Ваквата состојба е настаната во зона со доста стрмен пад на теренот, каде што при тековната експлоатација, дошло до сериозно оштетување (кинење) на доводниот цевковод и нагло испуштање на огромни количини на техничка вода, што довело до ередирање на голема површина, формирајќи при тоа јаруга, односно т.н. ерозивен кањон со димензии од околу 100-ина метри во должина и просечна ширина од околу 25 метри, со длабина и до 7-8 метри.

Оската на протегање на оваа зона е југоисток-северозапад со доста нестабилни бочни ѕидови кои се одликуваат со голема стрмнина, склони кон одронувања, свлекувања, кои имаат тенденција на проширување на самата зона. Генезата на ваквата појава е поврзана и со влијанието на подземните води кои делумно се дренираат преку низа извори кои егзистираат во непосредната околина, а дел и во самата зона каде преку процеси на суфозија влијаат на промената на физичко-механичките параметри на геолошките материјали.

За таа цел се иницира постапка за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци.**

**Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)**

Планирање на просторот.

**Периодот за донесување на планскиот документ.**

2023 година.

**Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?**

/

**Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)**

Предметниот проектен опфат се наоѓа во Тиквешкиот регион, во јужниот дел на Р.С. Македонија во границите на КО Ваташа, Општина Кавадарци.

Проектниот опфат во КО Ваташа опфаќа дел од КП 3592/ 1, КП 3592/ 2, КП 3595, КП 3654/ 1, КП 3654/ 3, КП 3654/ 4, КП 3709/ 2 и КП 3709/ 5. Површината на проектниот опфат изнесува: **19195.46м² (1.92ha)**.

Хидро Системот Бошава се состои од тиролски зафат на река Бошава, од каде со довдедува до водата до сливот на река Луда Мара.

МХЕЦ реф бр 3. е трета скала во низата на хидроелектрани за енергетско искористување на водите од системот за наводнување "ХМС Бошава". Со изградба на Мали хидроцентрали ќе се зголеми искористеноста на хидролошкиот потенцијал на сливот, а воедно ќе се зголеми степенот на искористеност на Хидросистемот притоа подобрувајќи ги техничко-економските елементи.



| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
|---|
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да ☐<br>Не √ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| **Потенцијални влијанија врз животната средина од планскиот документ.**<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементација на оваа предметна документација, може да се разгледуваат од аспект на идни придобивки, односно позитивни влијанија и од аспект на негативни влијанија, како и генерални мерки за заштита, намалување и ублажување на негативните влијанија.<br>**Очекувани позитивни влијанија**<br>Просторот за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава,Општина Кавадарци, во рамките на предвидениот опфат, се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.<br><br>**Очекувани негативни влијанија**<br>Со имплементација на планскиот документ се очекуваат негативни влијанија доколку планираните проектни активности не се управуваат соодветно. Согласно националната законска регулатива, овој проект припаѓа во Прилог II – Проекти за кои утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина (Генерално определени проекти), точка 10. Инфраструктурни проекти, (ѓ) Проекти за изградба на системи за пренос на вода што не се вклучени во Прилог I, канализациони системи и системи за заштита од поплави. Во следните фази од проектната документација ќе се изработи Студија за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина (Студија за ОВЖС)/ Елаборат за заштита на животната средина, каде што ќе се даде детален преглед на сите очекувани емисии и влијанија врз медиумите на животната средина и предлог мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување, со цел заштита на животната средина. | |
| **Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата** | При реализација на проектот предвиден со планската документација се очекуваат негативни влијанија врз животната средина за време на фазата на изградба. Ќе се генерираат емисии во воздухот од градежните активности и од механизацијата и транспортот, отпадни води, отпад, бучава, вибрации, евентуални несакани истекувања и сл. кои може да предизвикаат негативни влијанија врз здравјето на луѓето, воздухот, водата, почвата, биолошката разновидност, пределот и сл.<br>Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на овие влијанија ќе биде различна и |

| | |
|---|---|
| | истите ќе бидат детално анализирани и оценети во рамки на Студија за ОВЖС/Елаборатот за заштита на животната средина и за секое влијание во рамки на истата ќе се предвидат мерки за намалување, ублажување или избегнување на истото. |
| **Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето** | Не се очекуваат кумулативни влијанија врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. |
| **Прекугранична природа на влијанијата** | Нема. |
| **Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи)** | Со проектното решение можните ризици од несреќи се сведени на минимум |
| **Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната)** | Предметниот проектен опфат се наоѓа во Тиквешкиот регион, во јужниот дел на Р.С. Македонија во границите на КО Ваташа, Општина Кавадарци, со 38.391 жител.<br>Проектниот опфат во КО Ваташа опфаќа дел од КП 3592/ 1, КП 3592/ 2, КП 3595, КП 3654/ 1, КП 3654/ 3, КП 3654/ 4, КП 3709/ 2 и КП 3709/ 5. Површината на проектниот опфат изнесува: **19195.46м² (1.92ha).**<br>Вкупната должина на девијацијата изнесува L=319.26m. |

**Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:**

Позитивно влијание врз социо-економските развој на општините, отварање на нови работни места, зголемување на стапката на економски раст, стимулирање на развојот на останатите дејности, проектирањето, комуналните дејности, градежништвото, трговијата, начинот на живеење и сл., зголемување на приходите на локалната самоуправа, подобрување на комуналната инфраструктура и уреденост на просторот.
Иницијативата за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.
Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на неселените места и инфраструктурната екипираност на просторот.

**Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:**
Планскиот концепт е во директна зависност од создадените и природните фактори, композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е принципот врз кој се базира планскиот концепт.

| | |
|---|---|
| **Посебни природни карактеристики или културно наследство** | Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ- 3 ХС |

Бошава, Општина Кавадарци, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.
Со допис бр. 11-2827/4 од 15.05.2023 год. Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор природа при Управата за животна средина, од аспект на своите надлежности од областа на заштита на природата , констатирано е дека просторот на предметниот проектен опфат не влегува во граници на заштитено подрачје утврдено со закон, Емералд подрачје и идентификувано Натура 2000 подрачје.
Согласно Извештај за проектна активност Ref RFP 79/2009 ,,Развој на репрезентативна мрежа на заштитени подрачја од ГЕФ/УНДП проектот : ,,Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја (2011) , Моклишко езеро е евидентирано како новопредложено подрачје за заштита.На ова подрачје од аспект на биолошката разновидност значајно е присуството на грабливи птици , видрата и неколку значајни видови вилински коњчиња.
Со допис бр. 11-4453/4 од 21.09.2023 год. Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор за води при Управата за животна средина, не известува дека предметниот опфат е во границите на предложено подрачје за заштита Моклишко езеро , притоа во еден дел е на близина до еден постојан воден тек.Од тие причини при изготвување на проектната документација од аспект на заштита на водите а во согласност со Законот за води (Сл.в. на РМ, бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16) треба да бидат исполнети критериуми за заштита , одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта.
Доколку при изработка на Студијата за ОВЖС/Елаборатот за заштита на животната средина или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, ќе се предвидат мерки за заштита на природното наследство.
Во Археолошката карта на Република Македонија\ која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се следните локалитети:
КО Ваташа- Амидеја, населба од железно време, се наоѓа на источниот раб на селото, на десниот брег на реката Луда Мара; Грнеица, населба од доцноантичко време, се наоѓа јужно од селото, на десниот брег на реката Луда Мара; I(алница, населба и некропола од доцноантичко време, се наоѓа над источниот раб на селото; ПараI(елова Глава, некропола од римско

| | |
|---|---|
| | време, се наоѓа кон селото Моклиште, помеѓу патот и реката Луда Мара; Сува Чешма, населба од доцноантичко време, се наоѓа на јужно од селото, на патот за селото Моклиште; Чоралица, населба и некропола од доцноантичко време, се наоѓа во непосредна близина на селото, од левата странана патот за селото Моклиште.<br>При изработка на Студијата за ОВЖС/Елаборатот за заштита на животната средина ќе бидат направени подетални теренски и литературни анализи за идентификација на археолошки локалитети, со цел да се утврди точната позиција на локалитетите со културно наследство и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на културното наследство. |
| **Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности** | Со имплментација на мерките кои ќе бидат предложени во Студијата за ОВЖС/Елаборатот за заштита на животната средина нема да има значителни влијанија врз квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето, ниту надминување на гранични вредности. |
| **Интензивна употреба на земјиштето** | Согласно проектното решение трасата на цевководот е на земјиште во државна сопственост за кое нема пречки за негова употреба |
| **Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.** | Сите локалитети кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја се на безбедна раздалеченост од проектните активности.<br>При изработката на документацијата ќе се предвидат и преземаат соодветни технички мерки за применување на добра градежна пракса и ќе се води сметка за заштита на природното наследство при сите фази на траење на проектот. |

**Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:**

Проектниот документ предвидува изградба на доводен цевковод за МХЕЦ-3 ХС Бошава , Општина Кавадарци, со должина од 319,26 м.

**Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):**

Во рамки на Студијата за ОВЖС/ Елаборатот за заштита на животната средина детално ќе се оценат можните влијанија врз животната средина, за кои ќе се дадат предлог мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување, со цел заштита на животната средина.

**Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:**

**(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на**

**наставните планови).**

Имплементацијата на планската содржина предвидена со проектот ќе допринесе за развој на општината.

Но, од аспект на животната средина може да се генерираат емисии кои може да предизвикаат влијанија врз медиумите од животната средина, заради што истите детално ќе бидат анализирани на ниво на Студија за ОВЖС/Елаборат за заштита на животната средина и ќе се предложат мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување.

Од аспект на одржливост, донесувањето на проектот позитивно ќе влијае врз:

- Привлекување на нова работна сила и вработување, намалување на сиромаштијата;
- Допринос во локалната и национална економија.

**Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.**
**(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)**

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на одржливост на економијата применувајќи ги законитостите на пазарната економија и релевантната законска регулатива од областа на заштитата на животната средина, особено превенција и спречување на негативните влијанија на економските активности врз животната и работна средина.

Реализација на документацијата наменета за дислокација на дел од доводен цевковод МХЕЦ-3 ХС Бошава, Општина Кавадарци, ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје и ќе биде во функција на унапредување на водоводниот сектор.

**Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**

Овој плански документ е поврзан со:

- Условите за планирање претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Р. Македонија.
- Одобрена проектна програма
- Одобрен Проект за инфраструктура за изградба на цевковод и мала хидроелектрична централа со референтен број 3, со пропратни објекти КО Ваташа, Општина Кавадарци

**Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**

Нема спроведено претходна оценка на потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ.

| | |
|---|---|
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина, проектот припаѓа во Прилог II – Проекти за кои утврдува потребата за спроведување постапка за оцена на влијанието врз животната средина (Генерално определени проекти), точка 10. Инфраструктурни проекти, (ѓ) Проекти за изградба на системи за пренос на вода што не се вклучени во Прилог I, канализациони системи и системи за заштита од поплави. Во следните фази од проектната документација ќе се изработи Студија за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина (Студија за ОВЖС)/ Елаборат за заштита на животната средина, каде што ќе се даде детален преглед на сите очекувани емисии и влијанија врз медиумите на животната средина и предлог мерки за нивно намалување, ублажување или избегнување, со цел заштита на животната средина. | |
| **ИЗЈАВА** | **Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.** |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | **Министер**<br>**Благој Бочварски** |
| Бр. 07-9941/14<br>Датум: 05.12.2022 год.<br>Место: Скопје | М.П. |